Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (,,Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и врз основа на член 22 став 1 од Законот за средно образование (,,Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10,156/10, 18/11 и 6/12), министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по музичка уметност за I година во тригодишното стручно образование.

НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# МУЗИЧКА УМЕТНОСТ

I ГОДИНА

СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ
СО ТРИГОДИШНО ТРАЕЊЕ

Скопје, 2013 година

## I. ВОВЕД

Музичката уметност е задолжителен предмет во средното образование. Ученикот се стекнува со знаења и вештини кои се важни за неговиот развој како здрава личност со изградени естетски, емоционални, интелектуални вредности кои овозможуваат успешно вклучување во образовниот процес и другите сегменти во општествениот живот. Поимите што се изучуваат во рамките на предметот музичка уметност се усогласени со когнитивниот и емоционалниот развој на ученикот и неговите  индивидуални можности.

Со реализација на наставните содржини и другите видови активности (вокални, инструментални и вокално-инструментални), во наставата по предметот музичка уметност се постигнуваат образовни, воспитни, функционални, информациски, практични и други цели. Притоа, во наставата по музичка уметност се усвојуваат содржини, поими, активности, вештини, правила, со што се развиваат различни форми на мислење, се развиваат способности за доживување на музиката и нејзината имплементација во секојдневниот живот.

**Назив на наставниот предмет: МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**

**Вид на средно образование:** стручно

**Година на изучување на наставниот предмет:** прва година
**број на часови на наставниот предмет:**

- број на часови неделно: 1 час
- број на часови годишно: 36 часа

Статус на наставниот предмет:  задолжителен

## II. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО I ГОДИНА

Цел на наставата по музичка уметност е кај ученикот да се поттикне и да се продлабочи интересот и љубовта кон музиката, со што ќе се надградат неговите знаења за музичката уметност од различни периоди и жанрови. Преку активно слушање на музички дела и анализа на истите, учениците да се запознаат со животот и творештвото на претставниците од различни музички периоди, да ги продлабочат знаењата за музичкиот фолклор во Македонија, елементите на музичката писменост и да се стекнат со знаења и вештини за правилна вокална и инструментална интерпретација.

## III.ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО I ГОДИНА

Ученикот/ученичката:

- да стекне знаења за историјата на музиката;
- да осознава елементи за стилските карактеристики на музиката во секој период од нејзиниот историски развиток;
- да се запознае со животот и творештвото на претставниците на тие периоди;
- да стекне способност за активно слушање на музичките дела и анализа на истите;
- да ги продлабочи знаењата за музичката теорија;
- да ги совлада и применува знаењата за музичкиот фолклор;
- да развие интерес за препознавање на музичките дела;
- да развие интерес за посетата на концерти, оперски и балетски претстави;
- да развие интерес за активно учество во проекти.

## IV. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| **Тема I: Историја на музика (16 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да наведува податоци за потеклото на музиката;<br>-да дискутира за потеклото на музиката;<br>-да објаснува за музиката во првобитната заедница; | -**Потеклото на музиката** | -Ритам | -Разговор за првобитната заедница.<br>-Доживување на елементите (ритам и мелодија). |
| - да наведува податоци за музичката ренесанса;<br>-да објаснува за **ренесансната музика;**<br>-да објаснува за световна и духовна музика;<br>-да дискутира за преставниците на музичката ренесанса;<br>-да ги препознава инструментите од ренесансата; | **-Ренесансна музика**<br>-Орландо ди Ласо<br>-Џовани Пјерлуиџи де Палестрина<br>- Инструменти од ренесансата | -Мадригал<br>-Миса<br>-Лаута<br>-Оргули | -Разговор за појавата на ренесансата со интеграција преку ликовната уметност.<br>-Слушање музика: „Matona mia cara“ (разговор за слушаното музичко дело).<br><br>-Визуелно препознавање на ренесансните инструменти. |
| - да наведува податоци за музичкиот барок;<br>-да објаснува за **барокната музика;**<br>-да дискутира за преставниците на музичкиот барок;<br>-да ги препознава инструментите од барок;<br>-да дискутира за појавата на операта; | -**Барокот во музиката**<br>-Јохан Себастијан Бах<br>-Георг Фридрих Хендл | -Фуга,<br>-Ораториум,<br>-Опера<br>-Чембало,<br>-Виолина<br><br>-Опера | -Разговор за појавата на барокот со интеграција преку ликовната уметност.<br>-Слушање музика-фрагменти: Ј.С.Бах „Токата и фуга во d-moll“ Г.Ф.Хендл, ораториум „Месија“(„Алелуја“). |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да наведува податоци за музичкиот класицизам;<br>-да објаснува за музички **класицизам;**<br>-да дискутира за преставниците на музичкиот **класицизам**;<br>-да ги препознава инструментите од музичкиот **класицизам**; | **-Класицизам**<br>-Франц Јозеф Хајдн<br>-Волфганг Амадеус Моцарт<br>-Лудвиг ван Бетовен | -Симфонија<br>-Симфониски оркестар<br>-Опера во класицизам | -Разговор за појавата на музичкиот класицизам со интеграција преку историја.<br>-Слушање музика-фрагменти:<br>-Волфганг Амадеус Моцарт („Волшебната флејта“- арија на „Кралицата на ноќта“ исполнува Ана Дурловски);<br>-Лудвиг ван Бетовен (петта симфонија, I став). |
| - да наведува податоци за музичкиот романтизам;<br>-да објаснува за музичкиот **романтизам;**<br>-да дискутира за преставниците на музичкиот **романтизам**;<br>-да разликува музички жанрови од романтизмот; | -**Музички романтизам**<br>-Франц Шуберт<br>-Беџих Сметана<br>-Петар Илич Чајковски | -Соло песна<br>-Симфониска поема<br>-Концерт<br>-Балет | -Разговор за појавата на музичкиот романтизам со интеграција преку историја, литература.<br>-Слушање музика:<br>Франц Шуберт - „Аве Марија“<br>Беџих Сметана,<br>симфониска поема „В’лтава“. |
| -да дискутира за операта во романтизмот;<br>-да препознава фрагменти од оперското творештво во романтизмот;<br>-да дискутира за карактеристиките на опера, оперета; | -**Операта во романтизмот и нејзини претставници**<br>-Џузепе Верди<br>-Џоакино Росини<br>-Рихард Вагнер<br>-Жорж Бизе | -Опера во романтизам<br>-Оперета; | -Слушање музика-фрагменти:<br>Џузепе Верди:„Аида“ –триумфален марш<br>Џоакино Росини:<br>увертира„Севилскиот бербер“<br>Жорж Бизе:„Кармен“. |
| - да наведува податоци за музичкиот импресионизам;<br>-да објаснува за музичкиот **импресионизам;** | **-Музички импресионизам и неговите претставници**<br>-Клод Дебиси<br>-Морис Равел | -Арабеска, болеро. | Дискусија за појавата на импресионизмот со интеграција преку ликовната уметност и литературата. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да дискутира за преставниците на музичкиот **импресионизам;**<br>-да разликува музички жанрови од импресионизмот;<br><br>-да дискутира за **првите музички дејци** од Македонија; | <br><br><br><br><br>**-Први музички дејци од Македонија**<br>-Атанас Бадев<br>-Наум Миладинов | <br><br><br><br><br>-Литургија<br>-Мелографирање | -Слушање музика-фрагменти:<br>Клод Дебиси – „Чиста месечина“<br>Морис Равел – „Болеро“.<br><br>Разговор за музиката во Македонија во доцниот XIX век со интеграција преку народната поезија и историја.<br>-Слушање музика-фрагменти:<br>Атанас Бадев „Златоустова литургија“ (Иже херувими). |
| -да наведува податоци за музиката во XX век;<br>-да објаснува за музиката во XX век;<br>-да дискутира за преставниците на музиката од XX век**;**<br>-да наведува музички жанрови од XX век;<br>- да препознава музички стилови и инструменти од XX век; | **-Музиката во XX век**<br>-Игор Стравински<br>-Карл Орф | -Експресионизам<br>-Неокласицизам<br>-Музичка авангарда | -Дискусија за музиката во XX век ; слушање музика-фрагменти:<br>Игор Стравински – „Посветување на пролетта“;<br>Карл Орф – „Кармина Бурана“.<br><br>-Разговор за музиката во Македонија во XX век;<br>- Презентирање на есеи за животот и творештвото на македонските композитори од XX век. |
| - да наведува податоци за музиката во Македонија во XX век;<br>-да објаснува со сопствени зборови за македонската музика во XX век;<br>-да изведува заклучоци за музиката од овој период;<br>-да дискутира за претставниците на македонската музика од овој период; | **-Музиката во Македонија во XX век**<br>-Тодор Скаловски<br>-Кирил Македонски<br>-Трајко Прокопиев | -Хорска музика<br>-Прва македонска опера<br>-Прв македонски балет | Слушање музика – фрагменти;<br>Тодор Скаловски - „Македонско оро“;<br>Кирил Македонски – „Цар Самоил“;<br>Трајко Прокопиев – „Лабин и Дојрана“. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да објаснува за македонскиот балет;<br>-да објаснува за македонската опера;<br><br>-да објаснува за популарните стилови и жанрови во XX век;<br>-да дискутира  за претставниците на популарната музика од XX век; | -**Популарни стилови и жанрови во XX век** | -Џез,<br>-Блуз,<br>-Поп,<br>-Рок,<br>-Рап,<br>-Електронска музика | Разговор за популарната музика од XX век.<br>Дебата за појавата на различните стилови од модерната музика на XX век.<br>Слушање музички примери  по избор на наставникот и ученикот. |
| -да дискутира за влијанието на фолклорот врз  модерните  музички стилови;<br>- да открива  фолклорни елементи во композиции од модерната музика; | **- Фолклорот во модерните стилови** | -Етно музика | Разговор за застапеноста на фолклорот во различни жанрови од популарната музика.<br>Презентирање на музички примери преку аудио- видео записи по избор на наставникот и ученикот. |
| -да дискутира за инструментите кои се користат во модерната музика;<br>- да препознава визуелно инструменти кои се користат во модерната музика;<br>- да разликува инструменти кои се користат во модерната музика при аудио-презентација. | **-Инструменти во модерната музика** | -Гитара<br>-Сајзер<br>-Тапани<br>-Компјутер | Аудиопрезентација на инструменти кои се користат во модерните стилови.<br>Разговор за инструментите и нивното значење во создавањето на различните жанрови од модерната музика.<br>Карлос Сантана (електрична гитара),<br>Луј Армстронг (труба);<br>Жан Мишел Жар (сајзер, компјутер) и др.<br>**Методи:**<br>монолошки;<br>дијалошки;<br>демонстративен. |

| Тема II:  Музичка теорија ( 4 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>-да  препознава основни  карактеристики на  тонот;<br>-да разликува основни музички елементи ритам, мелодија, хармонија, полифонија;<br>-да воочува темпо, такт и динамика;<br>-да препознава: стапало, степен, нота, пауза, интервал, линиски систем, тонски систем и др.; | **Основни музички изразни средства** | -Тон<br>-Мелодија,<br>-Ритам,<br>-Хармонија,<br>-Полифонија<br>-Темпо,<br>-Такт,<br>-Динамика<br>-Ноти<br>-Паузи<br>-Интервал<br>-Степен<br>-Линиски систем | - Презентира мелодиска вежба  со сите елементи и изразни  средства на музиката.<br> -Анализа на вежбата (работа во групи). |
| -да се запознае со основните карактеристики на тонската скала род;<br>- да воочува  цели и полустепени во рамките на дурска и молска скала;<br>-да разликува  дур од мол. | **Тонска скала (дур,мол)** | -Тонски систем<br>-Дурска скала<br>-Молска скала | - Мелодиски вежби во дурски и молски скали.<br><br>**Методи:**<br>монолошки;<br>дијалошки;<br>демонстративен. |

| Тема III: Музички фолклор (11 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>- да препознава основни карактеристики на музичкиот фолкор во Македонија;<br>-да дискутира за основните карактеристики на музичкиот фолклор во Македонија;<br>-да објаснува за процесот на создавање и пренесување на музичкиот фолклор; | -**Основни карактеристики на музичкиот фолклор во Македонија** | -Народна мудрост<br>-Анонимен творец<br>-Усно пренесување | -Презентира аудио или видео-записи за музичкиот фолклор;<br>-Организира дебата за вредностите на музичкиот фолклор.<br>- Изработка на албум со сите елементи од музичкиот фолклор (народна песна, изворна народна песна,староградска народна песна, новосоздадена народна песна). |
| -да разликува општи карактеристики на народната песна (ритам, мелодија);<br>-да објаснува за процесот на создавање, пренесување и поделбата на народната песна; | **-Народна песна** | -Ритам<br>-Мелодија | -Аудио презентација на народни песни по избор на наставникот.<br>- Разговор за карактеристиките на народната песна.<br>-Аудио-презентација на изворни народни песни по избор на наставникот. |
| -да разликува народна изворна песна според содржината;<br>-да објаснува за карактеристиките на изворната народна песна; | **-Изворна народна песна** | - Изворна народна песна | - Разговор за карактеристиките на изворната народна песна.<br>- Вокална интерпретација на изворна народна песна по избор на ученикот. |
| -да разликува староградска народна песна според содржината;<br>-да објаснува за карактеристиките на староградската народна песна; | **-Староградска народна песна** | -чалгии | -Аудиопрезентација на староградска народна песна по избор на наставникот.<br>- Разговор за карактеристиките на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да разликува новосоздадена песна според нивната содржина;<br>-да објаснува за карактеристиките на новосоздадената народна песна; | **-Новосоздадена народна песна** | -Ансамбл за новосоздадена народна песна | староградската песна.<br>- Вокална интерпретација на старoградска песна по избор на ученикот.<br>-Аудио презентација на новосоздадена народна песна по избор на наставникот.<br>- Разговор за карактеристиките на новосоздадената песна.<br>- Вокална интерпретација на новосоздадена песна по избор на ученикот. |
| -да се изразува со сопствени зборови за поделбата на народните инструменти;<br>-да објаснува за поделбата на народните инструменти. | **-народни музички инструменти и нивната поделба** | - Народни музички инструменти | -Изработка на албум на народни музички инструменти. |
| -да препознава народни ударни инструменти;<br>-да ги споредува народните ударни инструменти; | **-Ударни народни иструменти** | -Тапан,<br>-Дајре,<br>-Тарабука | -Аудио – видеопрезентација на ударни народни инструменти по избор на наставникот и ученикот.<br>-Разговор за начинот на изработка на ударните народни инструменти и нивната примена. |
| -да препознава народни дувачки инструменти;<br>-да ги споредува народните дувачки инструменти; | **-Дувачки народни инструменти** | -Кавал,<br>-Гајда,<br>-Зурла | -Аудио – видеопрезентација на дувачки народни инструменти по избор на наставникот и ученикот.<br>-Разговор за начинот на изработка на дувачките народни инструменти и нивната примена. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да препознава народни жичани инструменти;<br>-да ги споредува народните жичани инструменти; | **-Жичани народни инструменти** | - Виолина (кемане)<br>- Канон<br>- Мандолина | -Аудио – видеопрезентација на жичани народни инструменти по избор на наставникот и ученикот;<br>-Разговор за начинот на изработка на жичаните народни инструменти и нивната примена;<br>Презентација на албум на народни музички инструменти. |
| -да разликува народни ора според нивната поделба и примена;<br>-да се приспособува за презентација на чекори од поедноставни народни ора; | **-Ороводна народна традиција** | - Поделба<br>- Ритам<br>-Такт | -Аудио – видео презентација на народни ора по избор на наставникот и ученикот;<br>-Разговор за ритамот, тактот и чекорите во ората; |
| -да препознава музички фолклор на другите народи;<br>-да споредува и дискутира за разликите и сличностите на фолклорот кај различни народи. | **-Музичкиот фолклор кај другите народи во Македонија и во светот** | - Песни<br>- Инструменти<br>- Танци | -Аудио – видео презентација на музички фолклор од различни народи.<br>-Разговор за разликите на музичкиот фолклор кај различни народи во Македонија и во светот;<br>-изработка на мини проекти и нивна презентација.<br><br>**Методи:**<br>монолошки;<br>дијалошки;<br>демонстративен. |

| Тема IV: Вокална интерпретација ( 5 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>-да објаснува за карактерот на литературниот текст;<br>-да дискутира за содржината на песната;<br>-да демонстрира правилна вокална интерпретација на уметнички песни;<br><br>-да објаснува за содржината на народната песна;<br>-да демонстрира вокална интерпретација на народна песна (групно и индивидуално);<br><br>-да дискутира за содржината на забавната песна;<br>-да разликува забавни песни по карактер;<br>-да демонстрира вокална интерпретација на забавна песна (групно и индивидуално).<br>. | **-Уметничка песна**<br>Лудвиг ван Бетовен – „Ода на радоста“<br>Франц Шуберт – „Аве Марија“<br><br>**-Народна песна**<br><br>**-Популарна (забавна) песна** | - Уметничка песна<br>- Вокална интерпретација<br>- Интонација<br><br>Народна песна<br><br>-Популарна (забавна) песна<br>-Дикција | -Презентација на песната од страна на наставникот или снимка.<br>-Дискусија за содржинскиот дел на песната.<br>-Обработка и интерпретација на уметничка песна по слух (групно и индивидуално).<br>-Презентација на народната песна од страна на наставникот или снимка.<br>-Дискусија за содржинскиот дел на народната песна.<br>-Обработка и интерпретација на народна песна по слух (групно и индивидуално).<br>-Презентација на популарната (забавната) песна од страна на наставникот, ученикот или снимка.<br>-Дискусија за содржинскиот дел на популарната (забавната) песна.<br>-Обработка и интерпретација на популарна (забавна) песна по слух (групно и индивидуално).<br>**Методи:**<br>монолошки;<br>дијалошки;<br>демонстративен. |

## V. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Наставата по ***музичка уметност*** може да се реализира преку различни начини на дидактичко-методско обликување. Според конкретните цели на наставниот предмет ***музичка уметност*** ќе се користат методи и форми на активна настава по пат на: објаснување, демонстрирање, дискусија, презентирање, организирање и изработка на мини проекти, албуми и др. Од формите ќе се користат: фронталниот, индивидуалниот, тандемски и групен облик на работа.

Користењето на формите, методите и постапките на работа наставникот ги осмислува непосредно при планирањето на часот и операционализацијата на конкретни активности кои ќе ги реализира на самиот час. Користењето на формите и методите е усогласено со материјално – техничките и просторни услови на училиштето, возраста, предзнаењата на учениците и нивниот интерес.

Образовниот процес треба да се реализира во кабинетот по музичка уметност. За поуспешна реализација на наставната програма, треба да се посетат институциите МОБ, Македонска филхармонија, КУД и др. На наставните часови треба да се поканат познати музички уметници кои ќе помогнат за поуспешна реализација на наставната програма.

**НАСТАВНИ СРЕДСТВА:**

- **музички систем;**
- **телевизор;**
- **ДВД;**
- **комјутер со музичка програма;**
- **Smart – табла;**
- **фонотека (збирка на аудио-видео ЦД);**
- **музички инструменти и др.**

**СТРУЧНА ЛИТЕРАТУРА:**

- **учебник;**
- **музички лексикони;**
- **музички енциклопедии;**
- **литература од областа на историјата на музиката;**
- **збирка на вокално инструментални композиции или поединечни партитури;**
- **збирка на народни песни и ора;**
- **методики на музичка настава;**
- **друг вид литература која е од значење за реализација на програмата.**

## VI. СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

**Изучување: I година**

**Фонд на часови: 1 час; годишно 36 часа**

| | **Наставна тема I: ИСТОРИЈА НА МУЗИКАТА (15 часа)** |
|---|---|
| **Ниво на знаење и интелектуални способости** | **СТАНДАРДИ** |
| **ПОМНЕЊЕ** | **Ученикот / ученичката:**<br>• наведува за потеклото на музиката и нејзиниот развиток;<br>• наведува за музичката ренесанса;<br>• препознава инструменти од ренесансата;<br>• запомнува претставници на музичката ренесанса;<br>• наведува за музичкиот барок;<br>• препознава од барокот;<br>• запомнува претставници на музичкиот барок;<br>• наведува податоци за музичкиот класицизам;<br>• препознава инструменти од класицизмот;<br>• запомнува претставници на музичкиот класицизам;<br>• наведува податоци за музичкиот романтизам;<br>• препознава фрагменти од оперското творештво во романтизмот;<br>• запомнува претставници на музичкиот романтизам;<br>• разликува музички жанрови од романтизмот.<br>• наведува податоци за музичкиот импресионизам;<br>• препознава визуелно инструменти кои се користат во модерната музика;<br>• наведува податоци за музиката во 20 век;<br>• наведува податоци за музиката во Македонија во 20 век;<br>• препознава претставници на музиката од 20 век;<br>• препознава претставници на музичкиот импресионизам;<br>• разликува музички жанрови од импресионизмот;<br>• разликува инструменти кои се користат во модерната музика при аудиопрезентација. |

| | |
|---|---|
| **РАЗБИРАЊЕ** | **Ученикот / ученичката:**<br>• објаснува за музиката во првобитната заедница;<br>• објаснува за ренесансната музика;<br>• дискутира за потеклото на музиката;<br>• дискутира за преставниците на музичката ренесанса;<br>• препознава познати дела од претставниците на ренесансата;<br>• објаснува за барокната музика;<br>• дискутира за појавата на операта;<br>• дискутира за преставниците на музичкиот барок;<br>• препознава познати дела од претставниците на барокот;<br>• објаснува за музички класицизам;<br>• дискутира за претставниците на музичкиот класицизам;<br>• препознава познати дела од претставниците на класицизмот;<br>• објаснува за музички романтизам;<br>• дискутира за преставниците на музичкиот романтизам;<br>• дискутира за операта во романтизмот;<br>• препознава познати дела од пртеставниците на романтизмот;<br>• објаснува за музичко сценски дела од романтизмот;<br>• објаснува за музичкиот импресионизам;<br>• дискутира за преставниците на музичкиот импресионизам;<br>• препознава познати дела од претставниците на импресионизмот;<br>• објаснува за музиката во XX век;<br>• дискутира за преставниците на музиката од XX век;<br>• препознава познати дела од претставниците на музиката од XX век;<br>• објаснува за македонската музика во XX век;<br>• препознава познати дела од македонски композитори од XX век;<br>• дискутира за првите музички дејци од Македонија;<br>• објаснува за македонскиот балет;<br>• објаснува за македонскиот опера; |

| | |
|---|---|
| | • објаснува за популарните стилови и жанрови во XX век;<br>• дискутира за претставниците на популарната музика од XX век;<br>• дискутира за влијанието на фолклорот врз модерните музички стилови;<br>• дискутира за инструментите кои се користат во модерната музика. |
| **ПРИМЕНУВАЊЕ** | **Ученикот / ученичката:**<br>• прави компарација помеѓу творештвото на Ласо – Палестрина, Хендел-Бах; Хајден – Моцарт – Бетовен, Дебиси - Равел;<br>• прави споредување на музичкиот барок, со класицизмот, Романтизмот и модерната музика на XX век;<br>• прави краток осврт на познати опери од Џузепе Верди,Џоакино Росини, Рихард Вагнер и Жорж Бизе;<br>• илустрира познати композиции од претставниците на ренесансата, барокот, класицизмот, романтизмот и импресионизмот. |
| **АНАЛИЗА, СИНТЕЗА И ВРЕДНУВАЊЕ** | **Ученикот / ученичката:**<br>• разликува инструменти од одредени периоди;<br>• открива заеднички елементи за музичко-сценските дела во романтизмот (опера, оперета, балет);<br>• споредува музички дела на претставниците од барокот, класицизмот, романтизмот и импресионизмот;<br>• споредува класична со забавана музика;<br>• организира посета на оперска или балетска претстава;<br>• организира посета на концерт на популарна (забавна) музика;<br>• организира посета на културно-уметничка манифестација. |

| | Наставна тема II: МУЗИЧКА ТЕОРИЈА (4 часа) |
|---|---|
| **Ниво на знаење и интелектуални способости** | **СТАНДАРДИ** |
| **ПОМНЕЊЕ** | **Ученикот / ученичката:**<br>• препознава особини на тонот;<br>• препознава елементи од музичката теорија (тон, мелодија,ритам хармониаја, темпо,такт, динамика, нота, степен, пауза, интервал и др.). |
| **РАЗБИРАЊЕ** | **Ученикот / ученичката:**<br>• воочува темпо, такт и динамика;<br>• воочува цели и полустепени во рамките на дурска и молска скала. |
| **ПРИМЕНУВАЊЕ** | **Ученикот / ученичката:**<br>• Користи елементи од музичката теорија во создавање на ритмичка и мелодиска вежба. |
| **АНАЛИЗА, СИНТЕЗА И ВРЕДНУВАЊЕ** | **Ученикот / ученичката:**<br>• споредува вежби во дур и мол;<br>• анализира дурска и молска скала. |

| | Наставна тема III: МУЗИЧКИ ФОЛКЛОР (11 часа) |
|---|---|
| **Ниво на знаење и интелектуални способости** | **СТАНДАРДИ** |
| **ПОМНЕЊЕ** | **Ученикот / ученичката:**<br>• препознава основни карактеристики на музичкиот фолклор во Македонија;<br>• препознава народни ударни инструменти;<br>• препознава народни дувачки инструменти;<br>• препознава народни жичани инструменти;<br>• именува народни инструменти;<br>• препознава музички фолклор на другите народи. |
| **РАЗБИРАЊЕ** | **Ученикот / ученичката:**<br>• објаснува за процесот на создавање, пренесување и оформување на музичкиот фолклор;<br>• дискутира за основните карактеристики на музичкиот фолклор во Македонија;<br>• објаснува за процесот на создавање, пренесување и поделба на народната песна - местоположба;<br>• објаснува за карактеристиките на изворната народна песна;<br>• објаснува за карактеристиките на старградската народна песна;<br>• објаснува за карактеристиките на новосоздадената народна песна;<br>• објаснува за поделбата на народните инструменти. |
| **ПРИМЕНУВАЊЕ** | **Ученикот / ученичката:**<br>• **прави** поделба на народните музички инструменти;<br>• **слуша** популарни композиции со музичкиот фолклор во модерни стилови. |
| **АНАЛИЗА, СИНТЕЗА И ВРЕДНУВАЊЕ** | **Ученикот / ученичката:**<br>• разликува општи карактеристики на народната песна (ритам, мелодија);<br>• разликува народна изворна песна според содржината;<br>• разликува старградска народна песна според содржината;<br>• разликува новосоздадена песна според нивната содржина;<br>• разликува народни ора според нивната поделба и примена;<br>• споредува народните ударни инструменти;<br>• споредува народните дувачки инструменти;<br>• споредува народните жичани инструменти;<br>• споредува разлики и сличности на фолклорот кај различни народи. |

| | Наставна тема IV: ВОКАЛНА ИНТЕРПРЕТАЦИЈА (7 часа ) |
|---|---|
| **Ниво на знаење**<br>**и интелектуални способости** | **СТАНДАРДИ** |
| **ПОМНЕЊЕ** | **Ученикот / ученичката:**<br>• покажува интерес за вокална интерпретација;<br>• покажува правилен начин на интерпретација при пеење. |
| **РАЗБИРАЊЕ** | **Ученикот / ученичката:**<br>• објаснува за разликите помеѓу уметничка, народна и забавна песна;<br>• објаснува за разликите помеѓу уметничка, народна и забавна песна;<br>• објаснува за карактерот на литературниот текст;<br>• дискутира за содржината и карактерот на песните;<br>• објаснува за содржината на народната песна. |
| **ПРИМЕНУВАЊЕ** | **Ученикот / ученичката:**<br>• користи елементи од вокалната техника;<br>• прави компарација на различни стилови на пеење;<br>• употребува различни стилови на пеење (според жанрот).<br>• за карактерот на литературниот текст. |
| **АНАЛИЗА, СИНТЕЗА И ВРЕДНУВАЊЕ** | **Ученикот / ученичката:**<br>• анализира песни (уметнички , народни и популарни (забавни);<br>• демонстрира (вокално интерпретира) познати музички примери. |

## VII. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Следењето и проверувањето на знаењата, способностите и постигањата на учениците по музичка уметност се оценуваат континуирано преку формативно и сумативно оценување. Оценувањето на знаењата се врши континуирано од страна на наставникот, врз основа на изготвен стандард за постигањата по предметот музичка уметност за тригодишно средно стручно образование.За да се оценат постигањата на ученикот неопходно е:

- континуирано следење на односот на ученикот кон работата;
- активноста и залагањата на часовите;
- континуирано утврдување и проверка на стекнатите знаења, способности и вештини во тематските целини;

Оценувањето ќе се реализира преку ученичко портфолио.

## VIII. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

За успешно реализирање на програмските цели по музичка уметност, потребен е музички кабинет или училница која е опремена со материјално-технички и дидактички средства што се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за средните стручни училишта.

## IX. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

1. Факултет за музичка уметност - оддел за музичка теорија и педагогија.
2. Факултет за музичка уметност - други оддели со стекната педагошка доквалификација на Факултетот за музичка уметност.

Приоритет според горенаведениот редослед.

## X. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: *1.09.2013 година*

**Потпис и датум на утврдување на Наставната програма**

Наставната програма по музичка уметност за прва година на средното стручно образование со тригодишно траење, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

на ден _________________________ Министер,

Скопје _________________________

Спиро Ристовски

Изготвил: работна група со решение бр. 02-634/1 год. од 22.04.2013 година, координатор м-р Анкица Витанова
Контролирал: Трајче Георгиевски, раководител на одделение
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор
Директор: м-р Весна Хорватовиќ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-5517/1 од 01.10.2013 година
Скопје